**Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет**
**ЗЕГИН ДОО Скопје**

# ДОГОВОР
за основање на трговско друштво

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК
ОВОЈ ДОКУМЕНТ Е ВО ФУНКЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И НЕ ТРЕБА ДА СЕ ЗЛОУПОТРЕБУВА ЗА ДРУГИ ЦЕЛИ

Скопје, Јули, 2006 година

Врз основа на член 22 и член 171 од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ, бр.28/04), основачите-содружници::

(1) Top Investment Grup B.V. со седиште во Холандија, Лаан Копес в Каттенбург 52,2585 ГБ ,с- Гравенхаге , регистрирано во трговскиот регистар под бр.. 681103-2440, претставувано преку полномошник Адвокат Ерол Хасан, Бул.Партизански одреди бр.21, Скопје (во понатамошниот текст "ТИГ");

(2) Alpha-Grupa d.o.o со седиште на ул.Дрвиње 36, 1000 Загреб Република Хрватска, претставувана преку полномошник Адвокат Ерол Хасан, Бул.Партизански одреди бр.21, Скопје (во понатамошниот текст "Алпха"): и

(3) Благоја Механџиски, ул.[illegible] Скопје, ЕМБГ [illegible] Република Македонија (во понатамошниот текст Механџиски)

на ден 20.06.2006 година, го склучија следниот:

**ДОГОВОР**
**за основање Трговско друштво ЗЕГИН ДОО Скопје**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Договор содружниците ги утврдуваат:

- Општите одредби
- Име на содружинците;
- Фирмата и седиштето на друштвото;
- Предметот на работење на друштвото;
- Износот на основната главнина на друштвото и износот на влогот на секој содружник одделно;
- Начинот и мерилата за распределба на добивката и начинот на покривање на загубите;
- Управувањето со друштвото;
    - Собир на содружници;
    - Надзорен одбор;
    - Управител
- Извештај на управителот
- Книга на удели и располагање со удели;
- Право на прва понуда;
- Пренос на удели по пат на наследство
- Престанок на својството на содружник;
- Конфликт на интереси
- Деловната тајна;

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК
НЕ ТРЕБА ДА СЕ ЗЛОУПОТРЕБУВА ЗА ДРУГИ ЦЕЛИ

- Ревизија;
- Престанок на друштвото;
- Времетраење на друштвото;
- Објавувања;
- Неисполнување на обврските;
- Неусогласеност со одредбите;
- Меродавно право;
- Судска надлежност;
- Отстапување и пренос;
- Завршни одредби

## 2. ИМЕ НА СОДРУЖНИЦИТЕ

**Член 2**

**Основачи содружници на друштвото се:**

(1) Top Investment Grup B.V. со седиште во Холандија, Лаан Копес в Каттенбург 52,2585 ГБ ,с- Гравенхаге, регистрирано во трговскиот регистар под бр.. 681103-2440, претставувано преку полномошник Адвокат Ерол Хасан, Бул.Партизански одреди бр.21, Скопје (во понатамошниот текст "ТИГ");

(2) Alpha-Groupa d.o.o. со седиште на ул.Дрвиње 36, 1000 Загреб Република Хрватска, претставувана преку полномошник Адвокат Ерол Хасан, Бул.Партизански одреди бр.21, Скопје (во понатамошниот текст "Алфа"): и

(3) Благоја Механџиски, ул.[redacted], ЕМБГ [redacted]5Република Македонија (во понатамошниот текст Механџиски)

## 3. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 3**

Друштвото со ограничена одговорност ќе работи под фирма:
**Трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје.**
Скратениот назив на друштвото гласи:
**ЗЕГИН ДОО Скопје.**
За промена на фирмата на друштвото одлучува Собирот на содружници.

**Член 4**

Фирмата на Друштвото може да се употребува и како трговска марка.

**Член 5**

Седиштето на друштвото е **во Скопје, ул.Народен Фронт Бр.5/3-1.**
За промена на седиштето на друштвото одлучува Собирот на содружници.

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК
СВОЈ ДОКУМЕНТ Е ВО ФАЗА НА ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ЗА УПОТРЕБА ЗА ДРУГИ ЦЕЛИ

## 4. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 6**

Предмет на работење на трговското друштво во внатрешно-трговскиот промет ќе бидат сите дејности утврдени со НКД освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган.

**Главна и претежна дејност во работењето на друштвото ќе биде:**
**51.46 Трговија на големо со фармацевтски производи**

**Член 7**

Во надворешно-трговскиот промет трговското друштво ќе ги врши сите дејности утврдени со НКД освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен орган или на друг надлежен орган.

**Член 8**

За промена на предметот на работење на друштвото во внатрешниот и надворешно-трговскиот промет, како и промената на претежната дејност на друштвото, одлучува Собирот на содружници.

## 5. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И ИЗНОС НА ОСНОВНИОТ ВЛОГ

**Член 9**

Основната главнина на друштвото е во пари , во вкупен износ од 610.000.000,00 **Денари**, односно 10.000.000,00 Евра
Основачките влогови на содружниците во друштвото се како што следи:
(1) Top Investment Grup B.V. со седиште во Холандија, Лаан Копес в Каттенбург 52, 2585 ГБ ,с- Гравенхаге, регистрирано во трговскиот регистар под бр. 681103-2440, со влог од 122.000.000,00 Денари, односно 2.000.000,00 Евра

(2) Alpha-Groupa d.o.o. со седиште на ул.Дрвиње 36, 1000 Загреб Република Хрватска, со влог од 183.000.000,00 Денари, односно 3.000.000,00 Евра

и

(3) Благоја Механциски, ул. [redacted] Скопје, Република Македонија со влог од 305.000.000,00 Денари, односно 5.000.000,00 Евра

**Член 10**

Секој содружник го запишува својот основен влог во основната главнина на друштвото.

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК
ОВОЈ ДОКУМЕНТ Е ВО ФУНКЦИЈА НА ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ И НЕ ТРЕБА ДА СЕ ЗЛОУПОТРЕБУВА ЗА ДРУГИ ЦЕЛИ

**Член 11**

Уделите на содружниците во основната главнина на друштвото изнесуваат како што следи:

(1) Top Investment Grup B.V. со седиште во Холандија, Лаан Копес в Каттенбург 52,2585 ГБ ,с- Гравенхаге, регистрирано во трговскиот регистар под бр.. 681103-2440, со влог од 122.000.000,00 Денари односно 20% од основната главнина

(2) Alpha-Groupa d.o.o. со седиште на ул.Дрвиње 36, 1000 Загреб Република Хрватска, со влог од 183.000.000,00 Денари односно 30% од основната главнина

и

(3) Благоја Механџиски, ул Скопје, Република Македонија со влог од 305.000.000,00 Денари односно 50% од основната главнина

**Член 12**

Уделите на содружниците се запишуваат во Книгата на удели која ја води управителот, и во однос на друштвото содружник е оној кој е запишан во Книгата на удели.

**Член 13**

Процентуалниот соодносот на учеството на сопственоста на уделите на содружниците во друштвото ќе се применува во однос на правото на глас, распределбата на добивката, како и при ликвидација на друштвото.

## 6. НАЧИН И МЕРИЛА НА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА, НАЧИН НА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА И НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ

**Член 14**

Содружниците имаат право на учество во распределбата на добивката утврдена со годишната сметка.

Остварената добивка, содружниците ја распределуваат сразмерно на процентуалното учество на уделот на секој содружник во основната главнина, односно во соодност како што следи:

(1) Top Investment Group B.V. со седиште во Холандија, Лаан Копес в Каттенбург 52,2585 ГБ ,с- Гравенхаге, регистрирано во трговскиот регистар под бр.. 681103-2440, со влог од 122.000.000,00 Денари односно 20% од основната главнина му припаѓа 20% од остварената добивка

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

(2) Alpha-Groupa d.o.o. со седиште на ул.Дрвиње 36, 1000 Загреб Република Хрватска, со влог од 183.000.000,00 Денари односно 30% од основната главнина му припаѓа 30% од остварената добивка

и

(3) Благоја Механџиски, Скопје, Република Македонија со влог од 305.000.000,00 Денари односно 50% од основната главнина му припаѓа 50% од остварената добивка

Дел од добивката може да се издвои како нераспределена добивка која ќе се распредели во следниот период.
Содружниците можат да одлучат дел од добивката да ја користат за зголемување на основните влогови.

**Член 15**

Искажаната загуба од работењето на друштвото по годишната сметка содружниците ја покриваат во согласност со законските прописи.
За покривање на загубата, содружниците учествуваат сразмерно со процентуалното учество на уделот на секој содружник во основната главнина, утврден во член 12 и член 14 од овој договор.

## 7. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

**Член 16**

Органи на друштвото се: Собир на содружници, Надзорен одбор и Управител на друштвото.

### А) СОБИР НА СОДРУЖНИЦИ

**Член 17**

Собирот на содружници е највисок орган на друштвото.
Собирот на содружници го сочинуваат сите содружници.

**Член 18**

Собирот на содружници ги врши следните работи:

1. го донесува договорот за друштвото и одлучува за измена на договорот за друштвото;
2. ги усвојува годишната сметка и годишните финансиски извештаи, како и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучува за распределбата на добивката и за покривање на загубите;
3. избира и отповикува управители, одлучува за склучување на договорот меѓу друштвото и управителите, и ја утврдува наградата на управителите;

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК
ОВОЈ ДОКУМЕНТ ... ФУНКЦИЈА НА ИЛУСТРАТИВНА ДЕЈНОСТ И НЕ ТРЕБА ДА СЕ ЗЛОУПОТРЕБУВА ЗА ДРУГИ ЦЕЛИ

## 23. ОТСТАПУВАЊЕ И ПРЕНОС

**Член 69**

Ни една од Страните на овој Договор нема право да отстапи, пренесе, и сл. било кое или сите свои права или обврски по овој договор во целост или делумно на трето лице без предходна согласност дадена во писмена форма од другите страни, освен што ТИГ и АЛФА можат да ги отстапат своите права по овој договор на друга компанија во рамките на Милестоне Групацијата.

## 24. ПРЕОДНИ И ЗЕВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 70**

Измена и дополнување на овој договор, како и донесување на нов договор врши Собирот на содружници најмалку со 3/4 мнозинство од вкупниот број на гласови.

Зголемување на утврдените обврски на содружинците или намалување на правата на содружинците што им припаѓаат според Договорот за друштвото, се врши со согласност на сите содружници кои ги засега зголемувањето, односно намалувањето.

**Член 71**

Измената и дополнувањето на договорот за друштвото немаат правно дејство се додека не се запишат во трговскиот регистар.
Измената на договорот за друштвото, заради упис во трговскиот регистар и неговото дополнување, го пријавува управителот на друштвото.
Можноста за молкумна измена и дополнување на овој договор, без писмена форма е исклучена, дури и во случај на подолготрајно постапување.

**Член 72**

За се што не е регулирано со овој договор се применуваат одредбите на Законот за трговски друштва.

**Член 73**

Овој договор стапува во сила со денот на уписот во трговскиот регистар.

**Член 74**

Договорните страни се согласни до 01.12.2006 година Господинот Благој Механциски да има права да ги врши правата и обврските во ЗЕГИН ДОО во обем од 75% а ТИГ и Алфа, соодветно на нивното учество, да вршат 25% од сопственичките права

## Член 75

Сите трошоци поврзани со подготвувањето на овој договор ќе ги сноси секоја страна.

Овој Договор стапува во сила за страните на датумот кој е споменат на почетокот на овој договор.

**СОДРУЖНИЦИ:**

**За**

1. Top Investment Group B.V. Адвокат Ерол Хасан

2. Alpha-Groupa d.o.o. Адвокат Ерол Хасан

3. Благоја Механџиски

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК